**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 29.06.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2963 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2016 - 31.12 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 јуни 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на РМ" бр. 184/13 и 13/14)**

(Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа);

6. **Претходно изречена мерка:**

*За непочитување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-252 од 27.04.2017 година) на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението (03.05.2017 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **постапил по решението** и во дополнителниот рок од 45 дена, утврден во член 15 став 6 од Законот за медиуми и во решението за преземање мерка - опомена (Уп1 бр. 03-252 од 27.04.2017 година), достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во

дозволата за радио емитување и за спроведувањето на програмскиот концепт, како и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува програмскиот сервис во РМ или надвор од неа, со што **ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми**.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***